Врз основа на член 13 став 1 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.02.2025 година и бр. 01-157/4 од 25.3.2025, во врска со член 2 став 15 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), Правилникот за програмата за полагање на стручниот испит на наставник-приправник и стручен соработник-приправник и за начинот на спроведувањето на стручниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/20), Државниот испитен центар Скопје распишува

# ПОВТОРЕН ЈАВЕН КОНКУРС

## за избор на надворешни соработници – претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит за наставници и стручни соработници од основните и средните училишта

**I. Државниот испитен центар Скопје распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници - претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит за наставници и стручни соработници од основните и средните училишта, за:**

1) **Македонски јазик и Македонски јазик и литература** – 1 (еден) надворешен соработник на македонски јазик (заменик-претседател);

2) **Турски јазик и Турски јазик и литература** – 2 (двајца) надворешни соработници на турски наставен јазик;

3) **Српски, Ромски, Босански, Влашки јазик и култура** – 2 (двајца) надворешни соработници на српски/ромски/босански или влашки наставен јазик;

4) **Одделенски наставници на турски јазик** – 2 (двајца) надворешни соработници на турски наставен јазик;

5) **Физика** – 2 (двајца) надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик);

6) **Хемија и природни науки** - 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

7) **Географија** - 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

8) **Историја** - 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

9) **Германски јазик** - 1 (еден) надворешен соработник на македонски јазик;

10) **Италијански јазик** - 2 (двајца) надворешни соработници на македонски наставен јазик;

**11) Техничко образование** - 2 (двајца) надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик);

**12) Ликовна уметност, Ликовно образование, Уметничко образование– ликовна уметност и дизајн и графичка струка** - 2 (двајца) надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик);

**13) Музичка уметност, Музичко образование, Уметничко образование– музичка и балетска уметност** - 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**14) Педагогија и Педагози** - 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**15) Специјални едукатори (Дефектолози, Логопеди)** - 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**16) Струка/Сектор: Здравствена/Здравство и Социјална заштита и унапредување на јавното здравје** - 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**17) Струка/Сектор: Угостителско-туристичка/Угостителство и туризам** - 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**18) Струка/Сектор: Земјоделско-ветеринарна/Земјоделство, Рибарство и Ветеринарство** - 2 (двајца) надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик);

**19) Струка/Сектор: Хемиско-технолошка/Хемија и технологија** - 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**20) Струка/Сектор: Текстилно-кожарска/Текстил, кожа и слични производи** - 2 (двајца) надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик);

**21) Струка/Сектор: Сообраќајна/Сообраќај, транспорт и складирање** – 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**22) Струка/Сектор: Машински/Машинство** – 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**23) Струка/Сектор: Електротехничка/Електротехника** – 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**24) Струка/Сектор: Економска-правна и трговска/Економија, Право и Трговија и иновации** – 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**25) Струка/Сектор: Градежно-геодетска/Градежништво и геодезија** – 1 (еден) надворешен соработник на албански наставен јазик;

**26) Струка/Сектор: Лични Услуги** - 2 (двајца) надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик);

**27) Струка/Сектор: Шумарско-дрвопреработувачка/Шумарство и обработка на дрво** - 2 (двајца) надворешни соработници на македонски наставен јазик;

**28) Струка/Сектор: Геолошко-рударска и металуршка/Геологија, рударство и металургија** - 2 (двајца) надворешни соработници на македонски наставен јазик;

**II. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветниот предмет, односно соодветната струка/сектор;
- да се од редот на наставниците од соодветниот наставен предмет/струка/сектор во основните/средните училишта во РСМ;
- да имаат најмалку 7 години работен стаж во верифицирана воспитно-образовна установа и/или наставници од акредитирани високообразовни установи од соодветната област, предност има кандидатот со искуство како ментор на приправник.

**III. Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пријава (формулар поставен на веб-страницата на Државниот испитен центар);
- уверение за државјанство;
- копија заверена на нотар од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- оригинал потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 7 години како наставник/стручен соработник во воспитно-образовна дејност, издадена од основните/средните училишта во РСМ;
- доказ за реализирано менторство (решение за назначување за ментор и програма за поддршка на приправникот) доколку го има.

**IV.** Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, а **доколку на конкурсот се пријават поголем број кандидати од потребните за одреден предмет и/или струка/сектор кои ги исполнуваат условите на конкурсот, на интервју ќе се повикуваат кандидатите кои имаат претходно искуство како ментори на приправници**, по што ќе следи конечен избор.

**V.** Изборот на надворешни соработници - претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит за наставници и стручни соработници од основните и средните училишта се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

**VI.** Кандидатите кои ќе бидат избрани за надворешни соработници – претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит за наставници и стручни соработници од основните и средните училишта ќе бидат ангажирани за период од **4 (четири) испитни сесии** (пролетна и есенска сесија 2025 и 2026 година).

**VII.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е 5 (пет) дена.

**VIII.** Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**IX.** Ненавремена, нецелосна и невалидна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**X.** Пополнетата пријава со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. Васил Ѓоргов“ 6.б. 1000 Скопје, со назнака „ **За јавен конкурс за претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит за ...**“( се наведува предметот/струката/секторот за кој се пријавува).

**XI.** Дополнителни информации за јавниот конкурс можат да се добијат на телефонскиот број 075/300-606, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ